**ЗАПИСНИК**
**од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.06.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:45 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.06.2023 година.
2. Предлог-одлука за доделување на финансиска помош - донација на Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје за овозможување непречено функционирање на Извршната канцеларија и Комисијата за жалби и Предлог – договор за донација.
3. Разно.

Точка 1

Г-дин Петрушевски поради технички причини го одложи усвојувањето на Предлог-записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.06.2023 година за пред почетокот на следната седница.

Точка 2

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за доделување на финансиска помош - донација на Здружението Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје за овозможување непречено функционирање на Извршната канцеларија и Комисијата за жалби со Предлог – договор за донација. Објасни дека оваа точка следи по Одлуката за зголемувањето на Финансискиот план на Агенцијата за 2023 година која беше усвоена на претходната седница. Предлогот е да се доделат средства во износ од 300.000,00 денари.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка за предлогот затоа што смета дека треба да му се помогне на саморегулаторното тело. Објасни дека саморегулацијата е многу важен сегмент во медиумскиот простор во Македонија. Колку повеќе е раширена и колку повеќе се практикува толку повеќе професионалноста и слободата на изразување се на повисоко ниво. Агенцијата како регулаторно тело и тие како само регулатор се упатени едни на други, соработуваат со години наназад и таа соработка е успешна. Информира дека тој е еден од основачите на ова тело пред 10-тина години и она што му е навистина жал е што ова тело не успеа да пронајде одржлив извор на финансирање. Многу други работи во државата функционираат преку база на проекти и познавајќи ја бирократската процедура за добивање на еден проект на почетокот се јавуваат вакви вакуум простори за кои се надева дека во иднина ќе бидат помали или ќе ги нема воопшто. Се надева дека Здружението Совет за етика на медиумите на Македонија ќе успее во еден момент во блиска иднина да застане во редот на оние саморегулаторни тела кои имаат постојани и одржливи извори на финансирање.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за доделување финансиска помош - донација на Здружението Совет за етика на медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје, во износ од 300.000,00 (триста илјади) денари, со цел овозможување непречено функционирање како единствено саморегулаторно тело за медиумите во земјата, до почетокот на проектите со Регионалната канцеларија на УНЕСКО и Фондацијата Бланкуерна – Шпанија.

Финансиските средства се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година и истите се уплаќаат на сметката на Советот за етика во медиумите на Македонија: 210-0693808601-77, депонент на НЛБ Банка АД Скопје, даночен број 4080014542793.

За доделената финансиска помош-донација од горенаведената Одлука, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Советот за етика во медиумите на Македонија, кој ќе стапи во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Точка 3

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

Бр. 02-2576/3

12.07 2023 година

С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**